РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење во однос на тоа дали ќе настане состојба на судир на интереси во ситуација кога вработено лице – административен државен службеник во Агенцијата за млади и спорт, распореден со решение во Секторот за капитални инвестиции и објекти за спорт ќе биде избран за член на Советот за спорт.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ", бр. 12/19), го издаде следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија извести дека, согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во конкретната ситуација **не постои судир на интереси**, односно службеното лице доколку е избрано за член на Советот за спорт при Агенцијата за млади и спорт нема приватен интерес што може да влијае врз непристрасното вршење на неговите службени должности.

Во натамошното извршување на службените должности од страна на административниот службеник, ДКСК укажува на начелото на законитост и интегритет дека секое службено лице е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на должностите не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси.

Имено, никој не смее да ја користи службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**